**20120451277**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 108 став 10 од Законот за лековите и медицинските помагала ("Службен весник на Република Македонија", бр. 106/2007, 88/2010, 36/2011, 53/2011, 136/2011 и 11/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.3.2012 година, донесе

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите ("Службен весник на Република Македонија", бр. 156/2011), во член 2 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Со оваа методологија се утврдува и начинот на формирање на цените на големо и цените на мало на лековите за кои Агенцијата има издадено одобрение за паралелен увоз."

Член 2

Во член 15 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Подносителот на барањето за формирање на цена на големо и мало за лекот што има одобрение за паралелен увоз, поднесува предлог цена на лекот на големо и мало, која не може да биде повисока од формираната цена на големо и мало за истиот или сличниот лек кој има одобрение за ставање во промет во Република Македонија и во однос на кој е утврдена значителната сличност."

Член 3

Во член 20 во алинејата 2, точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите "односно копија на одобрението за паралелен увоз на лекот".

Член 4

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-1833/1
23 март 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.